Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
Национална установа - Institucioni Nacional
Центар за култура - Qendra për Kulturë
ТРАЈКО ПРОКОПИЕВ - TRAJKO PROKOPIEV
Бр. Nr. 04 - 333/20
12.06 2026 год./vit.
Куманово - Kumanovë

Врз основа на член 77 – ж од Законот за култура (''Службен весник на Република Македонија'' бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16, 11/18), член 21 од Законот за работни односи (''Службен весник на Република Македонија'' бр. 62/05, 106/18, 114/09, 16/10, 47/11, 39/12, 13/13 до 120/18), член 13 став 2 точка 20 од Статутот на НУ Центарот за култура ''Трајко Прокопиев'' – Куманово, Правилник за формата и содржината на јавниот оглас и на пријавата за вработување на давателите на јавните услуги во Националната установа Центар за култура ''Трајко Прокопиев'' – Куманово **Бр. 01 – 648/3** од **14.10.2019** година и Правилник за формата и содржината на јавниот оглас и на пријавата за вработување, начинот на спроведување на селекцијата, како и начинот на бодување во зависност од категоријата и нивото на работното место за кое е објавен огласот од НУ Центар за култура ''Трајко Прокопиев'' – Куманово, **Бр. 01 -70/3** од **15.01.2020** година и Записник за извршена административна селекција **Бр. 04-333/17** од **02.06.2026** година и Записник за извршено интервју **Бр. 04-333/19 од 09.06.2026** година, а во врска со Одлука за објавување јавен оглас **Бр. 04-333/1** од **22.04.2026** година и оглас **Бр. 04-333/2** од **22.04.2026** година, на **12.06.2026** година, се донесува следната:

# ОДЛУКА ЗА ИЗБОР

**За вработување на неопределено време на 1 (едно) лице на работно место Столар,** со Шифра на работно место **КУЛ 04 01 А03 001, по пат на јавен оглас**

**1**. По Јавниот оглас **Бр. 04-333/2** од **22.04.2026** година, и спроведена постапка за вработување на 1 (едно) лице, на неопределено време, на работно место - **Столар** се избираа кандидатот:

**СТОЈАН ТРАЈКОВИЌ**

**2**. Врз основа на оваа Одлука, ќе се донесе решение за вработување и со избраните кандидати од точка 1 од оваа Одлука ќе се потпише Договор за вработување.

**3**. Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

**О б р а з л о ж е н и е**

Врз основа на Согласност од Министерство за финансии за обезбедени финансиски средства за вработување на неопределено време на 1 (едно) лице, на работно место - **Столар, со Шифра КУЛ 04 01 А03 001**, со архивски **Бр. 19 - 7260/2** од **22.07.2025** година, обновување на согласноста од Министерството за финансии на РСМ **Бр. 19-1946/2** од **31.03.2026** година е донесена Одлука за објавување на јавен оглас **Бр. 04-333/1** од **22.04.2026** година. Врз основа на одлуката објавен е јавен оглас **Бр. 04-333/2** од **22.04.2026** година во дневните весници **''Слободен печат''**, **''Вечер''** и **''Коха''**.

По огласот, во Архивата на НУ Центарот за култура ''Трајко Прокопиев'' – Куманово беа доставени 7 (седум) кандидати.

Комисијата за вработување формирана со Решение **Бр. 04-333/16** од **01.06.2026** година, изврши административна селекција и проверка на веродостојност на доказите за кандидатите кои ги исполнуваат условите на огласот. Комисијата за вработување по спроведеното интервју на ден **09.06.2026** година со кандидатите подготви соодветен Записник и до В.Д Директорот достави предлог за избор на кандидати, **Бр. 04-333/19 од 09.06.2026** година.

Имајќи го предвид горенаведеното, В.Д Директорот одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Правна поука: Против оваа Одлука, незадоволниот кандидат може да поднесе приговор до Управниот одбор на НУ Центарот за култура ''Трајко Прокопиев'' – Куманово, во рок од 8 дена од приемот на истата.**

Доставено до: - до Архива
до: - Кандидатот

НУ ЦЕНТАР ЗА КУЛТУРА
''ТРАЈКО ПРОКОПИЕВ''
КУМАНОВО
В.Д Директор,
Јоана Сарафимовска